19.07.2018г



ЗСТ-124/18и 160/18

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ 2 СКОПЈЕ** преку стечајниот судија Сашка Трајковска ,постапувајки во стечајната постапка над должникот Друштво за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје, постапувајќи по службена должност за исправка на решението на Основен суд Скопје 2 Скопје ЗСТ.бр.124/18 и 160/18 од 14.06.2018 година , вон рочиште на ден 17.07..2018 одина донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**-за исправка -**

**СЕ ВРШИ** исправка на решението на Основен суд Скопје 2 Скопје ЗСТ.бр.124/18 и 160/18 од 14.06.2018 година во , изреката на решението и тоа на начин што секаде во изреката на решението каде се наведува и споменува ,,план за реорганизација ,,треба да стои ,,пречистен план за реорганизација ,односно секаде пред зборовите план за реорганизација треба да стои зборот пречистен .и на крајот од изреката после последниот став се додава нов став кој гласи ,,Предлогот поднесен од прелагачот доверител АД Топлификација Скопје за отврање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство на електрична и тполинска енергија АД ТЕ -ТО Скопје СЕ ОТФРЛА.

Во останатиот дел решението останува неизменето

Ова решение е составен дел на решението ЗСТ.бр.124/18 и 160/18 од 14.06.2018 година

**О б р а з л о ж е н и е**

Со решение на судот ЗСТ.бр.124/18 и 160/18 од 14.06..2018 година судот отворил стечајна постапка над должникот ,го усвоил планот за реорганизација и истовремено ја запрел стечајната постапка поради спроведување на одобрениот план за реорганизација на должникот.

Судот постапувајќи по Административното писмо од Апелациониот суд Скопје ТСЖ бр 1548/18 од 12.07.2018 година и по службена должност по извршен увид во списите на предметот утврди дека поради обемноста на изреката, во самата изреката на решението е направена очигледна техничка грешка при техничкото изготвување на решението на начин што изреката на писмено изготвеното решение не соодвествува со објавата направена на записник за објава од 14.06.2018 односно не е наведено дека се работи за пречистен план за реорганизација .и не е наведено дека предлогот од АД Тполификација Скопје се отфрла.

Судот имајќи го во предвид наведеното одлучи да изврши исправка на решението на Основен суд Скопје 2 Скопје 3 СТ.бр.124/18 17 и 160/18 од14.06..2018 година на начин што секаде во изреката на решението каде се споменува план за реорганизација треба да стои ,,пречистен план за реорганизација ,,односно секаде пред зборовите план за реорганизација треба да стои зборот пречистен .и на крајот од изреката после последниот став се додава нов став кој гласи ,,Предлогот поднесен од прелагачот доверител АД Топлификација Скопје за отврање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство на електрична и топлинска енергија АД ТЕ -ТО Скопје СЕ ОТФРЛА во смисла на член 331 од ЗПП според кој е предвидено дека грешките во имињата и броевите ,како и други очигледни технички грешки во пишувањето и недостатоци во формата и неусогласеноста на оригиналот ќе ги поправи претседателот на советот односно судијата поединец во секое време.Ова од причини што судот во писмено изработената одлука поради обемност на изреката пропуштил да напише дека се работи за пречистен план за реорганизација како што е тоа во објавата на записникот за јавна објава од 14.06.2018 година и не навел за предлогот од предлагачот доверител Топлификација бидејќи се работи за очигледна техничка грешка при технчкото

изготвувае на писменото решение во смисла на цитираната законска одредба.

Во останатиот дел решението останува неизменето.

Ова решение е составен дел на решението 3СТ.бр.2СТ.бр124/18и 160/18 од 14.06..2018 година

Поради наведеното следуваше судот да одлучи како во изреката на ова решение согласно чле 331 од ЗППв.в.7 од ЗС.

**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ 2 СКОПЈЕ**
**3 Ст. бр. 124/18 и 160/18 од 17.07.2018 година**

**Стечаен судија**
**Сашка Трајковска с.р.**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение дозволено е право на жалба во рок од 8 дена од приемот на решенето преку овој суд до Апелациониот суд Скопје.

**Д.Н**

**ДН.**
- Предлагач АД ТЕ-ТО преку Аница Цветановска адвокат од Скопје
-доверител Топлификација АД Скоје преку полномошник адвокат Панче Нефтенов и привремен стечаен правник Ацо Дамчевски -
- Комерцијална Банка АД Скопје
НЛБ Банка АД Скопје
- Охридска Банка АД Скопје
- Агенција за катастар на недвижности
- Централен регистар на РМ Скопје
-сите доверители
огласна табла

Привремениот стечаен управник согласно член 9 став 7 од Законот за стечај да ја изврши доставата на решението